# Образложение за работењето на РЖ Институт АД Скопје за периодот 01.01- 31.12.2014 година

По предизвикувачката 2013 година, РЖ Институт во 2014 година постигна подобрени резултати, проследени со зголемена продажба од 14% и напредок во остварување на среднорочните цели на компанијата, притоа прилагодувајќи го своето работење на постојните економски и пазарни услови.

## I. БИЛАНС НА УСПЕХ

**Оперативните приходи** на РЖ Институт за периодот изнесуваа 236 милиони денари, што претставува зголемување од 14% во однос на претходната година. **Оперативните расходи** изнесуваа 233 милиони денари и се поголеми за 4% во однос на минатата година. Кога на оваа пресметка во предвид ќе се земе и промената на залихите на готови производи и недовршено производство во висина од 10,4 милиони денари, РЖ Институт АД Скопје го заврши анализираниот период со оперативна добивка од 13,4 милиони денари. Ова претставува значително подобрување на **оперативната добивка** во споредба со ланската која изнесуваше 3,86 милиони денари.

Во **структурата на приходи** од продажба, најголемо учество сеуште имаат реализираните алуминиумски легури со 39% за разлика од ланското учество од 56%, а по нив следуваат бакарните легури (технички и уметнички одлеаноци) со учество од 22% и торкет маса со учество од 12% во вкупните приходи на компанијата.



Во споредба со ланската, овогодинешната реализација на **огноотпорните маси** почнува да се враќа на постабилно ниво, иако сеуште далеку од годините пред 2013 (Табела 2). Ова имаше важна улога во зголемените приходи на компанијата. Менаџментот очекува одредено зголемување на нивната продажба и во наредната 2015 година, со оглед на малку подобрената состојба со челичната индустрија во Македонија во споредба со 2014, и стапувањето во преговори со потенцијални клиенти надвор од нашата земја. Според сегашните информации, се очекува ниво на продажба слично на 2012 година (Табела 2).




**Финансиските приходи** изнесуваат 341 илјади денари, а **финансиските расходи** изнесуваат високи 13,2 милиони денари и тие се поголеми за 88% во споредба со ланските 7 мил. денари.

Овие расходи се составени од расходи врз основа на камати во износ од 4,8 милиони денари и расходи врз основа на негативни курсни разлики од работењето во висина од 8,4 милиони денари. Во однос на ставката на "расходи врз основа на негативни курсни разлики", главно влијание имаше високиот раст на девизниот курс на доларот во текот на годината. Сепак, ова е состојба на последниот ден од годината и таа може да биде променета во текот на идниот период.

Кога на оперативната добивка ќе се вкалкулираат и финансиските расходи и даноците, се добива **нето-добивка** од 69 илјади денари. Иако нето-добивката е на пониско ниво, во голема мера и поради висината на финансиските расходи, во споредба со изминатата година забележливо е благо опоравување во работењето на РЖ Институт, проследено со зголемена продажба и со 3,5 пати повисока оперативна добивка.

## II. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

**Постојаните средства** во 2014 година се зголемени за вкупно 12% во однос на ланската година. Меѓу нив, највисоко е зголемувањето од 65% на ставката *“постројки, опрема, транспортни средства, алат, погонски и канцелариски материјал, инвентар и мебел”* која сега изнесува 64,6 милиони денари. *Недвижностите* се зголемени за 14% и изнесуваат околу 80 милиони денари. **Тековните средства** изнесуваат 219,5 мил. ден. и се повисоки за 2% во споредба со лани. Најголемо е зголемувањето на залихите и на ставката “платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР)”.

**Вкупните залихи** изнесуваат 79,3 милиони денари и во однос на истиот период минатата година, тие се зголемиле за 7% на вкупно ниво. Кај нив најголемо учество имаат залихите на готови производи и залихите на производство во тек (Табела 3).

**Таб.3 Структура во вкупните залихи 31.12.2014 г.**




*Залихите на готови производи* на ден 31.12.2014 година главно се состојат од алуминиумска легура Б-92%, бакарни легури и уметнички одлеаноци, додека пак главно учество во *залихите на производството во тек* имаат алуминиумски легури и бронзени одлеаноци кои се во фаза на изработка. Очекуваме дека преку реализацијата на дел од овие залихи во наредната година значително ќе се подобри состојбата на работењето РЖ Институт АД Скопје. Во *залихите на репроматеријали* најголемо учество имаат репроматеријалите за огноотпорни маси: суров доломит, синтермагнезит, флуорит, водено стакло итн.

**Побарувањата од купувачи** изнесуваат високи 100,5 милиони денари и се намалени за само 3% во однос на истиот период лани. Во текот на изминатиот период беа преземени 2 (две) утужувања на заостанати долгови кон нас, но во насока на подобрување на нашето работење и справување со ликвидносните проблеми, менаџментот планира да преземе поконкретни законски мерки за наплата на

заостанатите долгови кон нас и да ја намали толерантноста кон купувачите кои редовно доцнат со сервисирање на нивните долгови.

## III. ИНВЕСТИЦИИ

Инвестиционите вложувања во анализираниот период изнесуваа вкупно 24,3 милиони денари. Набавени беа две сушари, печка за леење на бакарни легури, скрубери, топловодна котларница за сопствено парно греење, довршување на подлогата во хала К1, монтажа на гасна инсталација за природен гас, уредување на канцеларии и лабораторија во хала К1 итн.

Реализираните инвестициите се во насока на довршување на потребните работи во новата хала К1, зголемување на капацитетите за производство, скратување на рокот за изработка на уметничките дела, воведување на природен гас како основен енергенс за сите процеси, почитување на еколошката одговорност на компанијата, воведување на сопствено парно греење како би се намалиле трошоците за оваа потреба итн.

## IV. БИЗНИС РАЗВОЈ

Во изминатата 2014 година беше направен значителен прогрес во успешното проширување на нашето производно портфолио, особено при наредните видови производи:

### Канделабри и урбана опрема

Со постоечкото широко искуство за леење во алуминиум, бронза, месинг и понатамошна обработка на одлеаноци (вклучувајќи и фарбање или патинирање), РЖ Институт одлучи да го прошири производниот програм и во оваа област. По извршените истражувања и пробни леења, сега РЖ Институт може да понуди најразлични производи во областа на урбаното осветлување и уредување: столбови за канделабри со висина од 0,5 до 18 метри, декоративни столбови, леени чешми, клупи, украсни корпи за отпадоци, држачи, паркинг столбови и останата урбана опрема.

Нашата компанијата поседува сопствени леарски капацитети, браварска работилница за рачна обработка на одлеаноците, моделарска работилница за изработка на модели за понатамошно леење, превозни средства, уметничко одделение, со што се овозможи реализација на овој вид производи од самата идеја па се до монтажа.

Првиот договор во изминатата година беше вклучен со АД Бетон, при што нашата компанија изработи 14 (четиринаесет) канделабри за осветлување на дворот на црквата “Рождество на Пресвета Богородица” во центарот на Скопје. Менаџментот очекува повеќе нарачки во наредните години за овие видови на производи, така што сметаме дека претставува добра одлука ширењето во оваа област.

### Црковни ѕвона и црковни елементи

Во изминатата година беа изработени повеќе црковни ѕвона и 300 мали ѕвончиња. Сметаме дека сеуште потенцијалниот пазар не е доволно запознаен со овој наш производствен програм и имаме широк простор за покривање, односно запознавање на потенцијалните клиенти, со оглед на тоа дека во нашата земја и пошироко постои побарувачка за нови црковни ѕвона поради новоизградени цркви, или пак, веќе постоечки но со стари и оштетени ѕвона. Сметаме дека располагаме со кадар кој има квалитетни вештини и искуство за изработка и уметничко украсување на црковните ѕвона, кој заедно со соодветна опрема ветуваат повисок пласман во иднина.

Во 2015 година планирано е натамошно унапредување на овој вид производство, преку постојани проби за подобрување на квалитетот и инвестирање во дополнителна опрема за изработка на разновидни црковни елементи.

### Леење на алуминиумски делови под притисок

Производството на алуминиумски одлеаноци под притисок е уште еден новитет во работењето на РЖ Институт. Инвестирањето во него започна во 2013 година и по неопходните инвестиции, обуки и проби, кон крајот на 2014 година ги имавме првите изработени примероци. Во моментов активно се преговара со неколку потенцијални купувачи за воспоставување на партнерски односи и континуирано снабдување од наша страна. Деловите покажуваат висок квалитет и возможна е соработка со странски компании од автомобилската и електро индустријата.

Менаџментот смета дека овој вид на производи во иднина ќе биде еден од најважните од асортиманот на РЖ Институт и затоа во зависност од потребите и од финансиските можности, во иднина се планира дополнителна набавка на нови преси за леење под притисок, со цел за зголемување на капацитетот за производство. Во 2015 година се планира и опремување на помошно одделение за опслужување и одржување на опремата и алатот за леење под притисок.

### Восочни и силиконски скулптури

Во месец јуни, по претходно извршената електронска аукција, РЖ Институт склучи договор со НУ “Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Штип за изработка на 11 восочни скулптури. Значаен дел од скулптурите се веќе изработени и поставени во музејот. Исто така, РЖ Институт го развива производството на скулптури и од силикон. Доколку се појави можност, компанијата има намера да учествува и на меѓународните тендери во странство за ваков вид на скулптури.

Ние со внимателност ги следиме можностите за воведување на нови производи и услуги кои РЖ Институт може да ги донесе на пазарот.

## V. РЕЗИМЕ

- Оваа година РЖ Институт имаше благо опоравување во работењето споредено со претходната година. Забележлив е поголема реализација кај огноотпорните маси и уметнички одлеаноци, но намалена кај алуминиумските легури. Во однос на овој завод (за алуминиум), очекуваме подобрена реализација на среден рок, кога ќе започне со работа по континуирани нарачки на алуминиумски делови под притисок.
- Нашите пазари за црковни ѕвона, скулптури и други видови уметнички одлеаноци се предизвикувачки и со силна конкуренција во однос на цените. Постојат повеќе леарници и трговци кои продаваат производи по прилично ниски цени, но и понизок квалитет. Ние остануваме фокусирани на постигнување високо ниво на квалитет на нашите производи и услуги, инвестирање во современа производна опрема и постојан развој на технолошките процеси. Ова се карактеристики по кои планираме да останеме препознатливи во иднина и сметаме дека тие се основа на нашето развивање и зголемена вредност за нашите акционери.
- Дадените финансиски извештаи и образложение претставуваат прелиминарни известувања и не го претставуваат целосниот годишен извештај на компанијата за 2014 година. Овие известувања се базирани на сметководствени податоци кои допрва ќе бидат ревидирани интерно и екстерно од овластена ревизорска куќа, за потоа да бидат одобрувани од страна на Одборот на директори на компанијата.
- Исто така, ова Образложение содржи т.н "далекусежни изјави". Изјавите кои ги вклучуваат зборовите "очекувања"," планираме", "проценки", "проекти", "предвидувања", "можеме", "ќе", "би требало", "бараме","верувања", "според планираното", "предвидуваме" или "имаме намера" и слични изрази се исто далекусежни изјави. Крајните резултати може да се разликуваат од наведените далекусежни изјави под влијание на повеќе фактори, вклучувајќи но не и лимитирано на : значајни промени на макроекономските и пазарните услови, ликвидносни и каматни ризици, ефектите од монетарната и фискалната политика на властите, непредвидени трошоци, конкурентскиот фактор и влијанието врз продажните цени, промени во законските регулативи, виша сила итн.

**РЖ Институт АД Скопје**